


ISO 9001
Q-1441

## 28.04.2025-Понеделник

# НАСТАНИ




## 29 април: Гевгелија домаќин на кампањата на "Макпетрол" - Крени глас против врсничкото насилство"

Утре (29 април 2025 година), Општина Гевгелија, во Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 18:00 часот, ќе биде домаќин на едукативната работилница за наставници и родители во рамки на општественото-одговорна кампања на „Макпетрол“: „Крени глас против врсничкото насилство“. Покрај Општина Гевгелија, на оваа едукативна работилница ќе учествуваат и Општините Валандово, Дојран и Ново Село. Со работилницата ќе предводи популарниот актер Сашко Коцев, кој ќе биде придружуван од експертот и психолог, Деспина Стојановска.

По тој повод Општина Гевгелија и „Макпетрол“ ги покануваат: родителите, претставници од Советите на родители и сите оние кои се заинтересирани да присуствуваат на работилницата, с? со цел заеднички да се продискутира за оваа актуелна тема, како и за начините на препознавање и решавање на проблемите со врсничкото насилство.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




**28.04.2025-Понеделник**

## ИНФОРМАЦИИ



**<u>Уписот на првачиња започнува на 2 и ќе трае до 30 мај 2025 година</u>**

Врз основа на член 8 став (1) и член 60 од Законот за основно образование („Сл. весник на РСМ“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025), основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди, и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

Уписот е задолжителен за децата кои до крајот на декември 2025 година ќе наполнат 6 (шест) години, односно задолжителен за сите деца родени во текот на 2019 година и за оние кои сакаат, за деца родени во текот на јануари 2020 година. Уписот ќе се врши од 2 до 30 мај 2025 година, во основните училишта во општината, со целосно почитување на реонизацијата на училиштата и живеалиштита на децата.
Родителите се должни при уписот да доставaт извод од матичната книга на родените за детето, потврди за применитe задолжителни вакцини за детето, за извршен офталмолошки и извршен стоматолошки преглед, издадени од надлежна здравствена установа.

Родителите задолжително закажуваат термин за прием на документите и интервју со детето во основните училишта на следниве телефонски броеви:
- ООУ „Крсте Мисирков“ - Гевгелија 078/447-373;
- ООУ „Владо Кантарџиев“ - Гевгелија 075/542-235;
- ООУ „Климент Охридски“ - Миравци 070/670-440;
- ООУ „Ристо Шуклев“ - Негорци 078/232-499.

Доколку родителот има интерес, пријавата и документите потребни за успис на детето во прво одделение може да ги поднесе во електронска форма на платформата uslugi.gov.mk, по што ќе биде закажано интервју со детето.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




**28.04.2025-Понеделник**



## Слободни места за упис на 286 ученика во прва година во СОУ "Јосиф Јосифовски

Во учебната 2025/2026 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија ќе бидат запишани 286 ученика во прва година. Според распишаниот конкурс за запишување на ученици во средно образование од страна на Министерството за образование и наука во гевгелискиот Средноучилишен центар се предвидени 10 паралелки со настава на македонски јазик, според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование -** 102 ученика, 3 паралелки

Гимназиско образование - 34 ученика, 1 паралелка (македонско - англиска билингвална паралелка);

**Сектор Угостителство и туризам -** 50 ученика, 2 паралелки

- хотелско-туристички техничар, 4 години, во соработка со компании, 25 ученика во 1 паралелка;

- келнер/готвач, 3 години, во соработка со компании, 25 ученика во 1 паралелка;

**Сектор Машинство -** 50 ученика, 2 паралелки

- машински техничар за моторни возила, 4 години, во соработка со компании, 25 ученици во 1 паралелка;

- автомеханичар, 3 години, во соработка со компании, 25 ученика во 1 паралелка;

**Сектор Економија**, право и трговија - 25 ученика, 1 паралелка

- економски техничар/ бизнис администратор

**Сектор Здравство и социјална заштита -** 25 ученика, 1 паралелка

- забен техничар/ фармацевтски техничар.

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во јунски со по две пријавувања и августовски уписен рок. Пријавувањето ќе се врши преку електронски, преку порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.



Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од 14 до 17 јуни, до 23:59 часот. Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 18 јуни, од 08:00 до 19:00 часот и 19 јуни, од 08:00 до 17:00 часот и на 25 јуни 2024 година, од 07:00 до 15:00 часот. Додека, второто електронско пријавување ќе биде на 30 јуни (до 23:59 часот), а доставувањето на потребната документација до училиштата ќе се врши на 1 јули (од 10:00 до 19:00 часот).

Августовскиот уписен рок важи за ученици кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување и можат да се запишат во училиштата во кои има слободни места и ги исполнуваат условите пропишани во Конкурсот, после јунскиот уписен рок. Пријавување на учениците ќе се врши на 21 август, до 15:00 часот електронски. Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 21 август, од 08:00 часот до 17:00 часот



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**28.04.2025-Понеделник**



## Гевгеличани ја проследија малерозната комедија "Петок 13"

Во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“, на 24 април 2025 година, гостуваше Народниот театар при НУЦК „Антон Панов“- Струмица со изведба на театарската претстава „Петок 13“. Преку брилијантно одиграните ликови од: Стојан Велков- Трн, Анкица Бенинова, Јасмина Вучкова и Ванчо Василев, публиката стана сведок на животни ситуации на семејни пријатели полни со малери, недоразбирања и човечки слабости, кои на моменти предизвикаа вистинска лава од смеа, но и моменти на тивко препознавање на сопствените навики.

Крајот не беше очекуван, зашто публиката немаше можност да открие на кој лик во претставата петок 13 ќе му биде најмалерозен и дека расплетот ќе биде трагичен. Режисер на претставата е Никола Ристов, а поставката е по сценарио на францускиот комедиограф, Жан Пјер Мартинез.



## Стоечки овации за рециталот "Музички мозаик" на Ристе Велков

Во рамки на програмата „Гевгелија град на култура 2025 година“, а во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија се одржа извонредниот музички рецитал на баритонот Ристе Велков насловен „Музички мозаик“. Љубителите на музиката, проследувајќи го рециталот на 25 април 2025 година, во хотел „Аполонија“, уживаа во маестралните изведби на Велков, во пијано придружба на Јанинка Невчева.

Публиката, воодушевена од неговата интерпретација го награди со долги стоечки овации. На репертоарот беа застапени 14 изведби- гевгелиската химна „Трба, трби Гевгелиско“, други познати македонски композиции како „Молитва“ на Трајко Скаловски и „Вардаре“ на Трајко Прокопиев, традиционални песни во современи аранжмани, како и незаборавни арии од светски познати опери на Верди, Доницети и Бизе.